„Таму каде што почнува корупцијата, завршува економијата“, рече меѓу другото **Кочо Анѓушев**
, заменик на претседателот на владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори на конференцијата на МЦМС на тема
„Борбата против корупцијата - предизвик за заедничко делување на граѓаните и институциите“
што се одржа на 28 март 2018 година во Скопје.

„Извештајот за проценка на корупцијата на МЦМС покажува дека **стопанствениците даваат поголем отпор на барањата за корупција**
и тоа е добро, затоа што значи дека не се плашат“, додаде Анѓушев и ги охрабри да продолжат така, да ги известуваат медиумите за тие обиде, затоа што, „така ќе и помогна на владата во борбата против корупцијата“. Покрај тоа, тој истакна дек еден од првите чекори на владата во борбата против корупцијата е да ги направат процесите на

поддршка транспарентни, како и јавните набавки, за граѓаните да имаат увид во трошењето на јавните пари. Според Анѓушев, ДКСК треба да биде главната институција во борбата против корупцијата, институција која треба да биде деполитизирана и која нема да работи по ничиј диктат.

На присутните им се обрати и **Пол Едвардс** (Paul Edwards), заменик шеф на мисијата на Британската амбасада во Македонија, кој се осврна на мотивите за поддршка на проектот Следење на работата на ДКСК, што го спроведуваше МЦМС во изминатите 18 месеци.

„Се потврди дека **јавноста кај нас станува главниот контролор на постапувањето на институциите.** Но останува прашањето дали е тоа доволно? Дали постојната законска рамка оставила празнини регулаторните тела да се чувствуваат комотно и недопирливо, па дури и да се доведат во состојба на кршење на законите, а за интегритетот и етиката на поедини носители на јавните функции, воопшто нема потреба да се коментира“, рече **Розета Трајан, државен секретар на ДКСК**. Таа апелираше на **политичката волја за зајакнување на независноста на ДКСК** и силно препорача соработка на институциите со граѓанските организации.

British Embassy
Skopje
СЛЕДЕЊЕ НА
РАБОТАТА НА
ДРЖАВНАТА
МИСИЈА ЗА
РЕЧУВАЊЕ
КОРУПЦИЈА
МЦМС
SNEZANA KAMILOVSKA


ПРИФАТЕНИ VS НЕПРИФАТЕНИ
ПРЕПОРАКИ
Прифатени се една третина од препораките што МЦМС и ги дал на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) за време на следењето на нејзината работа, во периодот од октомври 2016 до декември 2017 година.
ПРЕПОРАКИ ПО КОИ ПОСТАПИЛА ДКСК
За прв пат подготви и го достави до Собранието на РМ „Извештајот за можни злоупотреби на буџетски средства во изборен период“ кој се однесуваше на предвремените парламентарни избори одржани во 2016 г.;
Во февруари 2017, ДКСК го усвои Планот и динамиката за 2017 г. за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата на веќе донесени закони;
ДКСК почна да спроведува активности со кои го поддржа унапредувањето и примената на Законот за заштита на укажувачите;
Првиот Извештај за примени пријави од укажувачи (за 2016 г.), ДКСК го подготви и достави до Собранието на РМ во ноември 2017 г.;
Ажурирана е и ревидирана Листата на информации од јавен карактер со кои располага ДКСК;
Иницираше средби за соработка со граѓанските организации и со приватниот сектор;
Го зголеми бројот на известувања на веб страната за активностите кои ги имала.
ПРЕПОРАКИ ПО КОИ НЕ ПОСТАПИЛА ДКСК
Не инсталирала систем за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица со историски приказ;
Не го редизајнирала Регистарот на избрани и именувани лица и не ги направила информациите достапни во отворен формат;
Не воспоставила механизам за следење на (не)исполнување на обврските од страна на институциите кои се во рамка на нејзините надлежности;
Не го следи донесениот План и динамиката и не е проактивна во спроведувањето на антикорупциската проверка на легислативата.
Сепак, дел од препораките останаа без реализација, или за спроведување во некое идно време, и, од некој друг состав на ДКСК. Од нив, највпечатливи се оние кои се однесуваат на имотот на избраните и именуваните лица.

ДКСК пр